**ГРАД СКОПЈЕ**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за комунални работи**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за комунални работи**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за комунални работи**

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А
# ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ

**Скопје, ноември 2025 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија “ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Град Скопје му дава субвенции на ЈП Паркови и зеленило – Скопје за изградба на Мега Парк Лепенец и 50 (педесет) мали маалски паркови, во износ од 100.000.000,00 (сто милиони) денари.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27-

_________2025 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локална самоуправа утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 8-б од Законот за јавните претпријатија, јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат одредени финансиски поволности од страна на основачот на транспарентен начин.

Со оваа одлука предвидена е наменска субвенција од 100.000.000,00 (стомилиони) денари, обезбедени со Буџет на Град Скопје за 2025 година, со која јавното претпријатие ќе ги започне активностите за изградба на Мега Парк Лепенец и 50 (педесет) мали маалски паркови, во износ од 100.000.000,00 (сто милиони) денари. Мега Паркот Лепенец е предвидено да биде нова урбана оаза за рекреација и спорт на жителите на Град Скопје. Со малите маалски паркови ќе се интервенира за дополнително зазеленување на јавните простори на подрачјето на градот, што ќе придонесе за намалување на индексот на загревање на градот.

Врз основа на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈП Паркови и зеленило – Скопје.